**За влез во Македонија по 27.02.2012 година единствено ќе може да патувате со патен лист издаден од нашето ДКП.**

**30.01.2012 година**

**Министерството за внатрешни работи известува дека не-биометриските патни исправи (пасоши) ќе важат до 27.02.2012 година.**

**За влез во Р.Македонија по 27.02.2012 година, нашите државјани, единствено ќе можаат да патуваат со патен лист издаден од нашето ДКП.**

**Министерството за внатрешни работи стави во функција посебна телефонска линија преку која иселениците ќе можат да закажат термини за аплицирање за патни исправи.**

**Нашите иселеници, кои престојуваат во Република Македонија, термините за поднесување на апликации (по редовна и по итна постапка) за нови патни исправи, може да ги закажат на телефонскиот број +38923117754 при Управните служби на МВР.**

**Оваа категорија граѓани ќе може да резервира термин за аплицирање за нова патна исправа, на наведениот телефонски број, секој работен ден од 08.30 до 16.30 часот.**

**При поднесувањето на документите за биометриски патни исправи треба да се поднесе и документ со кој ќе се докаже дека лицето е иселеник од Македонија, односно дека има регулиран статус во државата каде престојува или живее.**